2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

CENTRALNA KNJIŽNICA
VRHOVNEGA SODIŠČA SR SLOVENIJE
B 416

V. 27. 1. 69.
B 416/L

...УЖ...
...ИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 22 јануари 1969
Скопје
Број 1 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**1.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 30 септември 1968 година, ја разгледа анализата — Народните библиотеки во СР Македонија — состојба, движење и проблеми и констатира дека:

— библиотекарството е основна културна дејност и е тесно поврзано со другите форми на образование. Поради тоа, општествено-политичките заедници треба радикално да ја преиспитаат политиката на развојот и унапредувањето на библиотеките и со квалитетна промена на третманот на библиотекарството да создадат услови за неговиот побрз и поуспешен развој;

— проблемот на читањето на книгата е и општествен проблем, дотолку повеќе што е присутна една неподнослива непроменливост на интересот кон книгата. Во настојувањата да се премости културната заостанатост, унапредувањето на библиотекарството, неговото извлекување од сенка — во центарот на нашиот културен живот, претставува важна задача;

— постојната библиотечна мрежа донекаде ги задоволува потребите на градовите, додека библиотекарството во селата е сеуште во почетна фаза. Од 1760 населени места во Републиката, само во 123 има библиотеки. А за современо библиотекарство ќе може да се зборува само тогаш, кога библиотеките ќе можат книгата да ја направат достапна на секој човек, без оглед дали живее во град или во населби, далеку од културните центри;

— показателите зборуваат дека книжните фондови на народните библиотеки се зголемуваат. Меѓутоа, бидејќи книжните фондови на повеќето библиотеки се формирани, главно, во последниве десетина години, основниот книжен фонд не е голем. Поради тоа, динамиката на порастот на книжните фондови не задоволува. Тоа се потврдува со фактот што просечниот број на книги по жител во Македонија изнесува 0,63, а во некои општини дури 0,14;

— од податоците се заклучува дека најголем број на членови на народните библиотеки се ученици и студенти, додека работници има сосема малку;

— структурата на кадарот во народните библиотеки по образование сеуште не задоволува. Голем е процентот на работници со нижо образование, а низок е со високо образование;

— иако средствата што библиотеките ги добиваат се во постојан пораст, тие сепак се мали за да им овозможат нормална работа на библиотеките. Средствата за купување на нови книги кај голем број библиотеки растат бавно и овој растеж е речиси номинален, ако се има предвид постојаното зголемување цените на книгите.

Со цел да се создадат подобри услови за развој на народните библиотеки и библиотечната мрежа на територијата на целата Република, Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, врз основа на член 140 став 1 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 25 декември 1968 година, ја донесува следната

## ПРЕПОРАКА
### ЗА ПОДОБРУВАЊЕ СОСТОЈБАТА НА НАРОДНИТЕ БИБЛИОТЕКИ И БИБЛИОТЕЧНАТА МРЕЖА

— Општинските собранија, на чија територија не постои ниту една самостојна библиотека, да основаат најмалку една таква библиотека и со тоа да ја спроведат одредбата од член 73 на Законот за библиотеките;

— општинските собранија кои немаат именувано која библиотека ќе ги врши работите на матична библиотека, да именуваат матична библиотека за подрачјето на својата општина и да ѝ создадат услови за вршење на таа дејност (оваа обврска на општинските собранија е пропишана во член 73 став 2 од Законот за библиотеките);

— општествено-политичките заедници треба да изготват програми за развојот на библиотечната мрежа на својата територија до крајот на 1975 година, особено за основање на библиотеки во селата (клонови на матичните библиотеки), бидејќи сегашната библиотечна мрежа, главно, ги опслужува градовите, додека за голем број населби далеку од градските центри, библиотеките се сосема недостапни. Со остварувањето на клонови на матичните библиотеки и со подвижна библиотечна служба треба да се настојува книгата да допре до секое населено место. Програма за развој на библиотечната мрежа општинските собранија да изготват до крајот на јуни 1969 година; Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура и Централната матична библиотека, врз основа на програмите на општинските собранија, да изготват програма за развој на библиотечната мрежа во Републиката до крајот на 1969 година;

— значаен напредок во библиотекарството може да се оствари само ако се обезбеди осетен прилив на млади, школувани стручни кадри. Дел од сегашниот библиотечен кадар, кој нема оформено образование, стручна подготвеност, општа култура и надареност за работа со книга и со читачи, постепено да се заменува со нов школуван кадар. Во иднина библиотеките не треба да запослуваат работници со нижо образование;

— општинските собранија треба да настојуваат на библиотеките да им обезбедат простории кои ќе овозможат развиена библиотечна дејност и наедно со својот изглед ќе влијаат воспитно врз читачите. Особено вниманието треба да му се посвети на зголемувањето бројот на читалните и бројот на седиштата во нив;

— финансирањето на народните библиотеки треба да претставува основна грижа на општественополитичките заедници. На библиотеките треба да им се обезбедуваат постојани и доволни средства за остварување на нивните функции. Од особена важност е осетно да се зголемат средствата за набавка на нови книги, со цел да се зголемат и осовременат книжните фондови со разновидна литература што ќе може да го задоволи интересот на читачите; Обезбедувањето на средства за изградба на нови библиотечни простории и адаптација на постојните библиотеки, исто така е од битно значење за унапредувањето на библиотекарството;

— Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности и Републичкиот фонд за уна-

предување на издавачката дејност треба да настојуваат да ги помагаат библиотеките за набавка на нови книги, посебно за набавка и зголемување на фондот на книги преведени на македонски јазик;

— матичните библиотеки да настојуваат, со отворање на нови клонови, особено во селата и организирање подвижна библиотечна служба, да ја прошируваат библиотечната мрежа. Со укажување на постојана стручна помош на библиотеките од подрачјето на својата општина, со грижа за усовршување на библиотечните кадри и организирање погодни форми за соработка меѓу библиотеките, матичните библиотеки треба да придонесуваат за создавање современа библиотечна служба. Централната матична библиотека треба да им укаже стручна помош на библиотеките за унапредување на нивната работа;

— народните библиотеки, преку солидна стручна организираност и користење најразлични форми за популаризирање на книгата, треба да настојуваат да го зголемат бројот на своите членови, особено работници, како и бројот на прочитаните книги;

— народните библиотеки, со меѓусебна соработка, треба да ја унапредуваат библиотечната дејност. Одделни стручни работи што се заеднички за сите народни библиотеки треба да се координираат и да се испитаат можностите за формирање на заеднички служби;

— народните библиотеки и издавачките претпријатија треба да најдат најпогодни форми за соработка, особено во поглед на подобрувањето условите и можностите за користење на кредити за купување на книги.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 2726
27 декември 1968 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот
собор,
**Драги Тозија**, с. р.

---

2.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 8 јули 1968 година, го претресе материјалот — Положба и проблеми на установите за претшколско воспитување во Социјалистичка Република Македонија и врз основа на член 192 од Деловникот на Просветно-културниот собор, на седницата одржана на 25 декември 1968 година ги донесе следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

Претшколската возраст е еден од најважните периоди во развојот на детската личност, бидејќи во оваа возраст се поставуваат основите на целокупниот натамошен психофизички, емотивен и социјален развиток на детето. Правилен развиток на детето од претшколска возраст во нашите современи услови најпотполно можат да обезбедат установите за претшколско воспитување. Досегашните настојувања на полето на развојот на организираното претшколско воспитување не задоволуваат. Мрежата на установите за претшколско воспитување е слабо развиена. Со организирано претшколско воспитување се опфатени 4,49% од вкупниот број претшколски деца во Републиката. Ваквата положба има сериозни последици во поглед на социјалната заштита на децата и задоволување потребите на вработените родители, а уште повеќе од аспектот на обезбедувањето услови за оптимален физички и психички развиток на детето и неговото подготвување за успешно учење на училиште.

Просветно-културниот собор констатира дека:
— за неразвиеноста на мрежата на установите претшколско воспитување постојат повеќе причини, и тоа:
— недоволна заинтересираност и активност од страна на сите повикани фактори за планско и постапно решавање на проблемот за организирано претшколско воспитување и укажување помош на вработеното семејство;
— необезбедување инвестициони средства за изградба и опрема на установите за претшколско воспитување — досега се вложени сосем минимални средства за оваа намена;
— немање разработена програма за развиток на мрежата на установите за претшколско воспитување;
— нерешени прашања околу обезбедувањето на средствата за издршка на установите;
— висината на уплатата на родителите не го овозможува опфаќањето на децата чии родители се со пониски примања;
— структурата на опфатените деца во претшколските установи, посебно во установите со целодневен престој, укажува дека се згрижени претежно деца на родители кои се подобро материјално ситуирани;
— опфатеноста на децата од народностите во претшколските установи е сосема минимална;
— во селските населби не е решено прашањето за отворање на сезонски детски градинки за згрижување на децата на работниците вработени во земјоделските стопанства;
— во финансирањето на комбинираните детски установи се јавуваат тешкотии околу обезбедувањето средства за основната дејност на групите со деца до 3 годишна возраст;
— постојат различни мерила и критериуми при доделувањето на средствата за основна дејност на установите како и различни мерила и критериуми при наградувањето на стручниот кадар;
— поголем број установи за претшколско воспитување работат во тешки просторни услови, поради што е потребно да се преземат мерки за да се подобри оваа положба кај нив;
— детските забавишта при основните училишта, покрај слабата опременост со мебел, многу послабо се снабдени со играчки и дидактички материјали;
— слабиот квалитет на изработката на играчките и нивната висока цена не даваат можност за набавка на поразновиден и побогат избор на играчки за децата во претшколските установи;
— здравствената служба во претшколските установи не е насекаде организирана, лекарски прегледи на децата и персоналот не се вршат редовно, нема доволно стручен медицински кадар;
— стручната и педагошко-методската подготвеност на стручниот кадар не ги задоволува потребите; не постои институција за школување на воспитачкиот кадар;
— квалитетот на воспитно-образовната работа не е на завидна висина. На кадарот не му достига широка култура и стручни познавања од областа на детската психологија и методиката на претшколското воспитување;
— непостоењето на просветно-педагошка служба при општинските заводи за школство е, исто така, причина за ваквиот однос кон проблемите на претшколското воспитување.

Имајќи ја предвид сегашната положба на установите за претшколско воспитување, а со оглед на позитивните законски прописи според кои претшколското воспитување претставува прва алка во системот на воспитувањето и образованието, Просветно-културниот собор смета дека е потребно да се вложат посебни напори од сите заинтересирани фактори во решавањето на овие проблеми при што посебно укажува на следното:

1. Потребно е да се испитаат сите можности и извори што можат да придонесат за поинтензивно и побрзо ширење на мрежата на установите за претшколско воспитување. При ова родителите, ра-

ботните организации и заедниците на образованието во условите на самоуправувањето и распределбата на доходот даваат можност за издвојување на дел од средствата за оваа намена, а со тоа и поефикасно решавање на ова прашање.

2. Потребно е општинските собранија и заедниците на образованието да извршат планирање на мрежата на установите за претшколско воспитување, со изработување на краткорочни и перспективни програми за развитокот на установите за претшколско воспитување во месната заедница и комуната.

3. Установите за претшколско воспитување имаат пошироко општествено значење, поради што тие ангажираат средства од повеќе извори за своето финансирање. Покрај основниот носител на финансирањето на претшколските установи — заедниците на образованието, во финансирањето треба да се вклучат фондовите за непосредна детска заштита, фондовите за здравствено осигурување, стопанските организации и родителите, со тоа што заедниците на образованието ќе треба да ја финансираат воспитно-образовната дејност (личен доход на раководниот и воспитачкиот кадар, трошоци за административно-техничкиот персонал, материјални трошоци и амортизација) и учество во инвестиции. Фондовите за непосредна детска заштита ќе треба да ги финансираат и инвестициите и инвестиционото одржување (згради и опрема), како и регресот за уплата на трошоците за издршка на децата чии родители се со пониски примања. Фондовите за здравствено осигурување треба да ги финансираат сите трошоци за превентивна здравствена заштита на претшколските деца во установите за претшколско воспитување. Стопанските организации и другите заинтересирани фактори, посредно или непосредно, ќе треба да им помагаат на своите работници околу згрижувањето на децата со отворање на установи за претшколско воспитување и преземање обврски за нивното нормално функционирање. Родителите треба да учествуваат во исхраната на децата, што е во зависност од должината на престојот на децата во установата.

4. Републичкиот завод за унапредување на школството ќе треба да го проучи прашањето за школување и стручно усовршување на воспитачкиот и здравствениот кадар во установите за претшколско воспитување. При ова да се испитаат можностите за отворање група при една од педагошките академии за школување на воспитачкиот кадар за работа со деца од претшколска возраст. Исто така, ќе треба да се проучи прашањето за школувањето на кадри со висока стручна подготовка кои треба да се ангажираат како раководители на претшколските установи, предавачи на педагошката академија за подготвување на воспитачки кадар, односно на филозофскиот факултет — за подготвување кадар за просветно-педагошката служба и кадар што ќе се занимава со стручни и научни прашања од областа на претшколското воспитување.

5. Перманентната стручна помош, увид во работата на установите за претшколско воспитување и унапредување на работата во нив бара поитно решавање на прашањето за комплетирање на заводите за просветно-педагошка служба со стручно лице што ќе се занимава со оваа проблематика.

6. Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура ќе треба да изработи педагошки нормативи за просторот, опремата и воспитно-образовните средства за установите за претшколско воспитување.

7. Установите за претшколско воспитување ќе треба да ја организираат воспитно-образовната работа со децата врз современи педагошки концепции. Исто така, тие треба систематски да работат на педагошкото просветување на родителите.

8. Со оглед на специфичноста и потребите на претшколското дете, што произлегуваат од самата возраст, неопходно е да се обезбеди целосна превентивна здравствена заштита на децата во установите за претшколско воспитување.

9. Се задолжува Републичкиот секретаријат за образование, наука и култура за спроведување на овие заклучоци.

10. Со оглед на тоа што прашањето за установите за претшколско воспитување е од поширок општествен интерес, Просветно-културниот собор предлага материјалот, заедно со заклучоците, да бидат разгледани од Социјално-здравствениот собор и Стопанскиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1076
27 декември 1968 година
Скопје

Претседател
на Просветно-културниот
собор,
**Драги Тозија**, с. р.

---

**3.**

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор одржана на 30 септември 1968 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 23 септември 1968 година го претресоа материјалот — Опфаќање на децата со физички и психички недостатоци.

Врз основа на материјалот и претресот, Просветно-културниот собор, на седницата одржана на 25 декември 1968 година, и Социјално-здравствениот собор, на седницата одржана на 26 декември 1968 година, го констатираат следното:

— Специјалното школство во СРМ од ослободувањето наваму бележи прилично добри резултати, како во создавањето мрежа на специјални училишта, така и во усовршувањето на наставно-воспитниот процес. Позабележителни се резултатите во специјалните училишта за децата со оштетен слух и со оштетен вид, а поскромни за децата попречени во психофизичкиот развиток.

Меѓутоа, и покрај постигнатите резултати, нивото на кое се наоѓа специјалното школство не е во сообразност со развојот на школството во целина, како и со развојот на другите општествени дејности. Големиот број на оваа категорија деца, како и психофизичките особини и нивните можности за комплетна рехабилитација, сè повеќе ја актуелизираат потребата од развивање мрежата на специјалното школство, усовршувањето на наставно-воспитниот систем и опфаќањето на овие деца во системот на школување односно на рехабилитација.

— Причини за ваквата положба има повеќе, но главни би биле следните: недоволно развиеното сознание за потребата од овој вид школство; недоволната активност на надлежните органи за спроведување на прописите кои се однесуваат на специјалното школство и создавање услови за неговото развивање; недоволната координација на надлежните органи и организации во проучувањето и решавањето на проблемите од доменот на ова школство; непостоењето на разработена програма за развитокот на мрежата и опфаќање на децата; нецелосно извршената категоризација на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток; сеуште вкоренетите предрасуди и конзервативни сфаќања во однос на можностите и потребата од школување и рехабилитација на овие категории деца; неусогласеното и недоволно решеното прашање за финансирање на специјалното школство и др.

— Постојниот систем на специјалното школство содржи во себе низа недостатоци, како на пример:

а) во системот на школувањето и професионалното оспособување на децата со оштетен слух и со оштетен вид не е извршена класификација според оштетеноста (издвојување на наглуви од глуви, слабовидни од слепи) и според тоа прилагодување на наставно-воспитниот процес (наставна програма и методи) според психофизичките можности на овие деца;

б) поради недоволно прецизната и квалитетната категоризација (дијагностика), особено кај децата попречени во психичкиот развиток, не е извршен адекватен избор на школување и рехабилитација, што го отежнува воспитно-образовниот процес и ги намалува крајните резултати;

в) неповолните просторни услови, недостигот на прилагодени учебници и други наставни помагала и современи технички средства, како и квалификувани кадри (дефектолози), го отежнуваат изведувањето на наставата и ги намалуваат ефектите во воспитно-образовниот процес;

— проблематиката од областа на специјалното школство и рехабилитацијата на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток не се следи и проучува систематски и врз основа на тоа да се унапредува системот на специјалното школување и професионално, односно работно оспособување. За таа цел не постојат соодветни стручни служби и др.

Врз основа на погоре изнесените констатации, Просветно-културниот собор и Социјално-здравствениот собор ги донесуваат следните

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Да се забрза откривањето и категоризацијата на децата попречени во физичкиот и психичкиот развиток особено да се подобри дијагностиката, како основа за програмирање развојот на специјалното школство.

2. Врз основа на бројот на децата со психофизички недостатоци и видот на оштетеноста, потребно е да се програмира развојот на специјалното школство, како на ниво на општината, така и на ниво на Републиката.

3. Со оглед на тоа што сеуште не е извршена класификација на децата со оштетен слух и вид во рехабилитациониот процес во постојните установи, потребно е што поскоро да се изврши издвојување на глувите од наглувите, како и на слепите од слабовидните во посебни установи односно посебни рехабилитациони единици, со цел правилно да се постави рехабилитациониот процес според психофизичките можности и способности на овие деца и оптимално користење на современите технички корекциони средства.

4. Големиот број на психички заостанатите деца за специјално школување, при положба на неразвиена мрежа на специјални училишта и одделенија за вакви деца, бара побрзо проширување мрежата на ваквите училишта. Во општините каде веќе работат поголем број специјални одделенија, во редовните училишта да се создаваат услови за основање на специјални училишта.

5. При развивањето на специјалното школство посебно внимание да се посвети на создавањето по погодни услови за сместување и работа на овие училишта и одделенија; да се прилагодуваат и усовршуваат наставните планови и програми, да се комплетираат со технички и други училишни помагала, како и со потребните учебници со оглед на специфичните потреби во наставно-воспитниот процес; да се создаваат соодветни политехнички работилници; да се обезбедува потребниот дефектолошки и друг кадар и др.

6. По однос на финансирањето на специјалното школство, потребно е попрецизно да се определат обврските на Републиката и обврските на општините. Така, специјалните училишта односно установи основани од Републиката и понатаму да бидат финансирани од Републичката заедница на образованието, а училиштата основани од општините да бидат финансирани од основните заедници на образованието во висина на трошоците за редовните училишта, додека разликата на трошоците што произлегува од специфичностите на овој вид школи, да се надоместува од Републичката заедница на образованието.

7. Неразвиената мрежа на специјалните училишта, особено за психички заостанатите деца, како и неповолните услови за сместување во кои работат постојните специјални училишта и одделенија, ја наметнува потребата од соодветни инвестициони вложувања, како од страна на Републичката заедница на образованието, така и од страна на основните заедници на образованието.

8. Специфичноста и сложеноста на проблематиката на специјалното школство бара соодветен систем и начин на следење и проучување, со цел воспитувањето, образованието и професионалното односно работното оспособување на оваа категорија деца и младинци да се изградува и поставува врз посовремени основи. Поради тоа, како неопходно е постоењето на стручни служби во поголемите општински центри, а особено на ниво на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 1703
27 декември 1968 година
Скопје

Претседател на Социјално-здравствениот собор,
**Васка Дуганова**, с. р.

Претседател на Просветно-културниот собор,
**Драги Тозија**, с. р.

---

**4.**

Врз основа на член 38 став 5 од Основниот закон за здравствениот надзор на прехранбените продукти („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/65), републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНИ И ДРУГИ УСТАНОВИ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ

I

Во Решението за определување здравствени и други установи за вршење испитување на здравствената исправност на прехранбените продукти („Службен весник на СРМ", бр. 29/68) во точка I под Б зборот „само" се брише, а по зборот „микробиолошки" се додаваат зборовите „и хемиски".

II

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Републички секретар за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски**, с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 978, страна 797, книга IV, е запишана под фирма: Производно-услужно економско-пропагандно книжарско претпријатие на мало „Знаме" — Скопје, Продавница — книжарница во Титов Велес, ул. „Страшо Пинџур" бр. 5. Предмет на работењето на продавницата е промет со сите книжарски материјали, фотоматеријали и апарати на мало.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Производно услужното економско-пропаган-

дно книжарско претпријатие на мало „Знаме“ — Скопје, со одлука бр. 202/4 од 8.IV.1968 година.

Раководител на продавницата е Рада Органџиева.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 308 од 28.VIII.1968 година. (1795)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9.VII.1968 година, страна 303, реден број 22, е запишано бришењето на присоединувањето на Земјоделското стопанство „Млечна“ — Пехчево, кон Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена ѕвезда“ од Штип.

Погонот „Млечна“ од Пехчево ќе функционира и тоа од 5.VI.1968 год. како правно лице со своја економска и правна самостојност.

Присоединувањето на Земјоделското стопанство „Млечна“ од Пехчево, кон Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена ѕвезда“ од Штип, е избришано од регистарот врз основа одлуката бр.1520 од 31.V. 1968 год на централниот работнички совет на истиот и одлуката бр. 01-201-311 од 4.VI.1968 година на погонскиот работнички совет на „Млечна“ — Пехчево.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 324/68. (1797)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25.IV.1968 година, страна 68, реден број 4 е запишано следното: Трговското претпријатие на мало „Прогрес“ од Пехчево со својот камион врши услуги исклучиво на следните претпријатија: Шумско индустриско стопанство — Пехчево, Керамидна индустрија „Црвена ѕвезда“ — Пехчево, Претпријатие за дрвна и метална галантерија „Напредок“ од Пехчево и Претпријатие за обработка на тутун — Кочани, Самостоен погон — Пехчево.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 01-126/1 од 5.IV.1968 година на работничкиот совет на претпријатието и договорот за деловна соработка бр. 1 од 4.IV 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 178/68. (1798)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10.VII.1968 година, страна 167, реден број 3, е запишано ставањето под присилна управа на Фабриката за фротир — ткаенини „Фротирка“ од Делчево.

За присилен управник е назначен Љупчо Лазаров.

Фабриката е ставена под присилна управа на 16.II.1968 година.

Ставањето на Фабриката за фротир-ткаенини „Фротирка“ — од Делчево, под присилна управа е запишано во регистарот врз основа решението бр. 0201-397 од 16. II. 1968 година на Собранието на општината Делчево.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 74/68. (1804)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11.VII.1968 година, страна 488, реден број 2, е запишано бришењето на Работната организација за комунални и занаетчиски дејности „Прогрес“ од Радовиш, која беше оформена по пат на издвојување од Работната организација за градежни, занаетчиски и комунални дејности „Техноградба“ од Радовиш.

Поради одржаниот референдум на 18.VI.1968 година одлуката бр. 305 од 18.V.1968 година за одделување на Работната организација „Прогрес“ од „Техноградба“ — Радовиш е ставена вон сила и истата се враќа во претходната положба чија фирма гласи: Работна организација за градежни, занаетчиски и комунални дејности „Техноградба“, со седиште во Радовиш.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 08-319 од 22.VI.1968 година на работничкиот совет на работната организација.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 367/68. (1838)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11.VII.1968 година, страна 364, реден број 4, е запишана промената на фирмата на Работната организација за градежни занаетчиски и комунални дејности „Техноградба“ од Радовиш, која натаму ќе гласи: Работна организација за занаетчиско-комунални дејности „Прогрес“ — Радовиш.

За в.д. директор на работната организација е именуван Славчо Брендов, со права и овластувања дадени во општите акти за работното место директор на работната организација.

Промената на фирмата е запишана во регистарот врз основа одлуката бр. 08-325 од 24.VI.1968 година на работничкиот совет на работната организација.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 368/68. (1839)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11.VII.1968 година, страна 364, реден број 4, е запишана промената на предметот на работењето на Работната организација за занаетчиско-комунални дејности „Техноградба“ од Радовиш и тоа во следните дејности на работењето: градежништво и услуги во градежништвото, а останатите впишани дејности остануваат исти.

Новите дејности што ќе ги обавува работната организација се следните: одржување на градскиот водовод и канализација; инсталација на водовод и канализација; одржување на градска чистота, на градско зеленило, на градско пазариште, на градски базен и градска бања; мелнички услуги; услуги од банцинк; хемиско чистење; оџачарска служба, тракторски и запрежн услуги; молеро-паркетарски услуги и станбена единица за управување и стопанисување со становите во општествена сопственост.

Овластени лица за потпишување на фирмата се Славчо Брендов и Маринко Тодоров.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 08-325 од 24.VI.1968 година на работничкиот совет на работната организација.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 369/68. (1840)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 27 V.1968 година, страна 337, реден број 1, е запишано основање на Продавница, со седиште во Св. Николе, ул. „Ново пазарче“.

Продавницата ќе врши: продажба на сите видови отпадни материјали и фелерична стока, како и со сите видови на текстилни стоки и суровини; продажба на сите видови, нова и половна, опрема (механизација) со сите приклучни машини, репродукциони материјали и опрема наменети за земјоделството и сточарството; продажба на сите видови земјоделско-индустриски производи; сточна храна, сите видови сточни производи; сите видови колонијални стоки; механизација (постројки), опрема и репроматеријали на сите гранки на индустријата нова и половна; сите видови механизација и опрема, нова и половна, за угостителството, комуналната дејност, електро-стопанството, топлификацијата, шумарството, водостопанството, рударството, железниците, патиштата, политичко-територијалните организации, општествените организации, установите, институциите и др.; сите видови моторни возила, нови и половни, резервни делови, како и сите видови на гуми за сите видови возила и механизација;

сите видови опрема и механизација, нова и половна, за потребите на градежништвото, како и сите видови на репроматеријали на оваа гранка.

Прометот на големо и мало како и посредување и застапување според наведените дејности ќе се обавува како во социјалистичкиот сектор, така и во задружниот сектор.

Продавницата е основана од Универзалната работа организација „Борец" од Скопје.

Раководител на продавницата е Миланчо Ивановски, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 0306—125 од 15.V.1968 година на Универзалната работна организација „Борец" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 282/68. (1848)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1135, страна 709, книга V, е запишано следното: Дејноста на „Скопје промет" — претпријатие за промет и услуги во прометот на големо и мало — Скопје, согласно одлуката на управниот одбор од одржаната седница на 4.XI.1967 година и елаборатот за економска оправданост се проширува и со промет на големо и мало со следните видови на стоки: сите видови сточни производи како што се: млеко, млечни производи, сувомесни производи и др.; сите видови на термо и фиго-уреди, како и акустични уреди; сите видови на намештај и канцелариски материјали.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1144 од 6.XII.1968 година. (252)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 108, страна 1087, книга I, е запишано следното: На досегашниот потписник на Погонот модна конфекција во Тетово на Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски-Мерџан" — Тетово, Илија Богдановски, секретар, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За нови потписници на погонот се назначени следните лица: Божиновски Светозар, комерцијален директор на погонот, и Тодоровски Александар, секретар на погонот. Тие погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Славе Божиновски, шеф на сметководството, и Благоја Костовски, директор, сметано од 18.IX. 1967 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 932 од 29.IX.1967. (275)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1143, страна 741, книга V, е запишано под фирма: Градежно претпријатие „Строител" од Скопје, ул. „Никола Парапунов" бр. 14. Предмет на работењето на претпријатието е: вршење на сите видови столарски работи; сите видови градежни работи; сите видови водоинсталатерски и канализациони работи; сите видови молерско-фарбарски работи; електроинсталатерска дејност и транспортно-утоварна и истоварна дејност.

Претпријатието е основано од задружниот совет на Градежно-занаетчиската услужна задруга „Строител" — Скопје, со одлука од одржаниот состанок на 21.IX.1967 година со прераснување на задругата во претпријатие.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Чочев Христо, в.д директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 964 од 20.XI.1967 година. (304)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 986, страна 857, книга IV, е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Градежно-занаетчиската услужна задруга „Строител" од Скопје, бидејќи со одлуката на задружниот совет од одржаниот состанок на 21.IX. 1967 година прерасна во претпријатие под назив: Градежно претпријатие „Строител" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1109 од 20. XI. 1967 година. (305)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 521, страна 1143, книга II, е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Моша Пијаде", село Градско. Предмет на работењето на претпријатието е: продажба на прехранбено-колонијални стоки, граѓа, градежен материјал, огрев и отпадоци, на големо и мало.

Претпријатието е основано од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало „Балкан" — Градско, со одлука од одржаната седница од 23.XII.1967 година а со прераснување на Економската единица со самостојна пресметка во Градско во претпријатие.

Претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Панче Петрушев, в.д. директор, и Игнатов Лазар, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

